РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2016 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................................2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....................................................................................................3

Број на работници во индустријата ....................................................................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....................................................................................................4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....................................................................................................5

Инфлација ....................................................................................................6

Берзански цени ....................................................................................................7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....................................................................................................8

Увоз ....................................................................................................9

Салдо на трговска размена ....................................................................................................10

Валутна структура ....................................................................................................10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи .................................................................................................... 11

Буџетски расходи ....................................................................................................12

Буџетско салдо ....................................................................................................13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....................................................................................................13

Плати ....................................................................................................14

Пензии ....................................................................................................15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....................................................................................................16

Депозитен потенцијал ....................................................................................................16

Кредити на банките ....................................................................................................17

Каматни стапки на депозитни банки ....................................................................................................17

Пазар на капитал ....................................................................................................17

Девизни резерви ....................................................................................................18

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

маj, 2016 година

- Индустриското производство во мај 2016 година, во споредба со мај 2015 година, забележа раст од 5,3%;

- Потрошувачките цени во мај 2016 година се намалија за 0,7% во однос на мај 2015 година, по падот на цените од исто така 0,7% на годишна основа во април;

- Во периодот јануари -мај 2016 година извозот забележа раст од 7,2%, а увозот 6,1%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 3,8% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2016 година изнесуваа 68.754 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,3% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 75.071 милиони денари, што е за 1,7% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 6,4% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 3,7%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Индустриското производство во мај 2016 година забележа раст од 5,3% во споредба со мај 2015 година. Растот најмногу се должи на зголемувањето на производството во секторот Преработувачка индустрија од 11,7%, со придонес во вкупниот раст на индустриското производство од 9,4 процентни поени. Во останатите сектори е забележан пад, и тоа во секторот Рударство и вадење камен од 19,8% и негативен придонес од 2,0 процентни поени, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 18,4% и негативен придонес од 1,7 процентни поени.

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство во мај 2016 година има гранката Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (2,1 процентен поен), а најголем негативен придонес има гранката Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (1,7 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари - мај 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 8,0%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 12,4%, додека пад има кај секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,2% и Рударство и вадење камен од 7,2%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во мај 2016 во однос на мај 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Капитални производи од 34,5%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 8,2% и Трајни производи за широка потрошувачка од 4,4%. Пад е забележан во групите Енергија од 24,9% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,2%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - мај 2016 година, во однос на истиот период во 2015 година, раст е забележан во групите: Капитални производи од 44,0%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,8%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 12,8% и Енергија од 10,8%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво, во мај 2016 година забележа раст од 0,4%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 0,3%. Раст е забележан и во секторот Рударство и вадење камен од 2,3%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е намален за 0,2%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - мај 2016 во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 1,4%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,2%, и Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен од по 1,3%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 9,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,8%, Енергија од 1,2% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,6%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - мај 2016 година, во однос на истиот период во 2015 година, раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 15,3%, Интермедијарни производи, освен енергија од 4,0%, Енергија од 2,4% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,1%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,8%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во мај 2016 година е малку поповолна во однос на претходниот месец, а многу поповолна во однос на мај 2015 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во мај изнесува 64,3%, што претставува зголемување во однос на април 2016 година, кога

износувало 64,1%. Споредено со истиот месец претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,6 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во мај 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 25,8%, недоволната домашна побарувачка со 16,7%, недостигот на квалификувана работна сила со 14,8%, финансиските проблеми со 8,7%, неизвесното економско опкружување со 7,1% и конкурентниот увоз со 6,8%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во мај во однос на претходниот месец е малку поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2016 година издадени се 292 одобренија за градење, што претставува зголемување од 57,0% на годишна основа. Во однос на претходниот месец кога биле издадени 228 одобренија, бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 28,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај 2016 година е зголемена за 13,0% во однос на мај 2015 година. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите се зголемила за 64,7%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 163 (или 55,8%) се наменети за објекти од високоградба, 33 (или 11,3%) за објекти од нискоградба и 96 (или 32,9) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 292 издадени одобренија за градба, на 182 (или 62,3%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 110 објекти (или 37,7%) инвеститори се деловни субјекти.




Во мај 2016 година предвидена е изградба на 750 станови, со вкупна корисна површина од 63.183 м². Бројот на предвидени станови за изградба споредено со истиот месец претходната година е зголемен за 125,9%, а на месечна основа е зголемен за 62,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во мај 2016 година се намалија за 0,7% во однос на мај 2015 година, по падот на цените од, исто така, 0,7% на годишна основа во април. Просечната стапка на инфлација во првите пет месеци од 2016 година изнесува -0,3%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во мај забележа годишен пад на цените од 1,5%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Зеленчук од 9,2% и Месо од 2,1%.

Годишен пад на цените во мај е регистриран и во категориите: Транспорт од 5,1%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,9%, Останати стоки и услуги од 0,7% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,2%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,2%, следена со порастот на цените во категориите: Рекреација и култура од 3,5%, Комуникации од 1,9%, Здравје од 1,7%, Облека и обувки од 1,2%, Ресторани и хотели од 0,7% и Образование од 0,4%.




Потрошувачките цени во мај 2016 година се зголемија за 0,5% во однос на претходниот месец. Зголемување на цените е забележано во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 1,1%, Здравје од 1%, Облека и обувки од 0,9%, Транспорт од 0,8% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1%.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Ресторани и хотели од 0,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,6%, Рекреација и

култура од 0,4%, Комуникации од 0,2% и Останати стоки и услуги од 0,1%. Цените во категориите Образование и Домување, вода, електрика, гас и други горива останаа непроменети.

Цените на мало во мај 2016 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 1%, додека споредено со претходниот месец се зголемени за 0,3%. Цените на мало во првите пет месеци од 2016 година се пониски за 0,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2016 година споредено со април 2016 година се зголеми за 11,6% и изнесуваше 47,1 долар за барел. Во однос на истиот месец претходната година, цената на нафтата се намали за 27,0%. Цената на природниот гас во мај споредено со претходниот месец се намали за 0,5%.




Што се однесува до металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, во мај 2016 година се тргуваше со просечна цена од 8.660 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува намалување на цената од 2,5% на месечна основа. Во споредба со мај 2015 година, цената на никелот бележи пад од 35,9%. Освен кај цената на цинкот, која се зголеми за 0,7%, месечно намалување на цената се забележува и кај останатите основни метали. Така, цената на бакарот се намали за 3,7%, на калајот за 1,9%, на оловото за 1,4% и на алуминиумот за 1,3%. Цената на железната руда во мај, во однос на претходниот месец се намали за 9,8%.

Благородните метали во мај забележаа месечен раст на цената, при што цената на платината се зголеми за 4,2%, на среброто за 3,6% и на златото за 1,5%.

Во мај цената на пченицата на светските берзи се намали за 8,4%,



додека цената на пченката забележа раст од 2,8% на месечна основа. Цената на јагнешкото месо во мај 2016 година, во однос на април 2016 година, се зголеми за 3,2%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите пет месеци од 2016 година изнесува 4.112,7 милиони евра, што претставува раст од 6,5% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – мај 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 71,1%, што претставува зголемување од 2,2 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - мај 2016 година вредноста на извезените стоки изнесува 1697,5 милиони евра и бележи раст од 7,2% (113,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 10,7%.




Вредноста на извезените стоки во мај 2016 година изнесува 345,6 милиони евра и бележи пад од 3,7% (13,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 3,1%.




Анализирано на месечно ниво, во мај 2016 година извозот бележи пад од 6,2% (22,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот,

истиот регистрира месечен пад од 7,6%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - мај 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,8% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – мај 2016 година, споредено со истиот период од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 13,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 8,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,6% и 11,6% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – мај 2016 година изнесува 2415,2 милиона евра и бележи раст од 6,1% (139,4 милиони евра) во однос на истиот период 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 0,7%.




Вредноста на увозот во мај 2016 година изнесува 529,4 милиони евра, што претставува зголемување за 12,7% (59,7 милиони евра) во однос на истиот месец 2015 година, а увезените количини стоки се зголемени за 3,1%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во мај 2016 година останува на исто ниво во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 1,6%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2015 | I - V - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 20,3 | 24,4 | 4,1 | 20,2 |
| Мил. ЕУР | 11,5 | 9,8 | -1,7 | -14,7 |
| Мил.$ | 12,8 | 10,9 | -1,8 | -14,4 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2015 | I - V - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 364,5 | 409,1 | 44,7 | 12,3 |
| Мил. ЕУР | 167,5 | 125,8 | -41,7 | -24,9 |
| Мил.$ | 186,2 | 140,4 | -45,8 | -24,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2015 | I - V - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,5 | 5,8 | -1,6 | -21,9 |
| Мил. ЕУР | 302,7 | 371,8 | 69,1 | 22,8 |
| Мил.$ | 336,1 | 415,0 | 78,9 | 23,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2015 | I - V - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 12,4 | 11,5 | -0,9 | -7,4 |
| Мил. ЕУР | 48,4 | 72,1 | 23,7 | 48,9 |
| Мил.$ | 53,6 | 80,4 | 26,8 | 50,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2015 | I - V - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 241,2 | 246,6 | 5,4 | 2,2 |
| Мил. ЕУР | 233,9 | 154,0 | -79,9 | -34,1 |
| Мил.$ | 258,9 | 172,0 | -86,9 | -33,6 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - V - 2015 | I - V - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 253,6 | 338,7 | 85,2 | 33,6 |
| Мил. ЕУР | 121,0 | 127,5 | 6,5 | 5,4 |
| Мил.$ | 134,1 | 142,3 | 8,2 | 6,1 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите пет месеци од 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 3,8% односно 26,1 милион евра споредено со истиот период минатата година.

Трговскиот дефицит во мај 2016 година се зголеми за 66,1% односно 73,1 милион евра споредено со мај минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – мај 2016 година 85,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија и Грција, а потоа следуваат: Турција, Италија, САД, Романија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,2% од трговската размена во периодот јануари - мај 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2015 година претставува зголемување од 4,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93% и 81,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 6,3 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 3,3 п.п. во однос на периодот јануари – мај 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - V - 2015 | | | | | I - V - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.308,2 | 1.775.993.942 | 61,5694 | 109.346.881.433 | 78,0 | 1.676,5 | 1.964.327.967 | 61,6807 | 121.161.124.063 | 81,3 | 188.334.025 | 10,6 |
| УСД | 1.028,0 | 521.457.215 | 55,1796 | 28.773.800.528 | 20,5 | 640,4 | 474.057.445 | 55,3760 | 26.251.405.092 | 17,6 | -47.399.769 | -9,1 |
| ГБП | 2,6 | 8.073.782 | 83,7734 | 676.368.160 | 0,5 | 2,2 | 7.655.624 | 79,5523 | 609.022.487 | 0,4 | -418.158 | -5,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.338,7 | | | 138.797.050.121 | 98,6 | 2.319,1 | | | 148.021.551.642 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.342,8 | | | 140.127.679.955 | 100,0 | 2.325,4 | | | 148.981.374.119 | 100,0 | | 6,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2016 година изнесуваа 68.754 милиони денари, односно 11,6% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,3% во однос на истиот петмесечен период од 2015 година.




Даночните приходи во периодот јануари - мај се реализирани во износ од 40.659 милиони денари, односно 6,9% од БДП и во однос на истиот период 2015 година се зголемени за 6,7%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 19.737 милиони денари и забележа зголемување од 19,1% во однос на истиот период од 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи е доминантно и изнесува 48,5%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 26.413 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 6.676 милиони денари.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележа поголемо остварување за 8,6% додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 14,0%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 90,2%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 5.398 милиони денари и забележуваат раст од 7,6% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 66,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,6% од приходи од капитал, 6,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,0% од приходи по основ на договор на дело, 3,8% од приходи од имот и имотни права и 1,9% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој петмесечен период од 2016 година изнесуваа 5.008

милиони денари и забележаа намалување од 26,4% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 8.339 милиони денари (учество од 20,5% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 7,2% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 1.928 милиони денари и забележаа зголемување од 15,9%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 249 милиони денари забележаа помало остварување за 3,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 19.825 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,7% споредено со истиот период од 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,7%, кај придонесите за здравствено осигурување за 5,5% и кај придонесите за вработување за 5,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 5.180 милиони денари и во однос на истиот петмесечен период во 2015 година забележаа поголемо остварување за 1,9% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 779 милиони денари, што претставува помало остварување за 49,8% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 1.520 милиони денари, што претставува намалување од 1,2% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2016 година изнесуваа 75.071 милион денари, односно 12,7% од БДП, што е за 1,7% повеќе во однос на истиот период во 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 69.810 милиони денари учествуваа со 93,0% и се зголемени за 3,7% во однос на истиот период во 2015 година.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 10.670 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,2% и во однос на 2015 година се зголемени за 6,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 6.423 милиони денари и споредено со истиот период од 2015 година забележаа намалување од 15,4%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 50.918 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа зголемување од 6,6% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 67,8% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 37.005 милиони денари, забележаа раст од 9,6% и учествуваа со 49,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 22.907 милиони денари, се зголемија за 11,2%, споредено со истиот петмесечен период од 2015 година и учествуваат со 30,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,8%, односно забележаа намалување од 0,2% споредено со истиот период во 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.260 милиони денари забележаа зголемување од 2,1%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите со учество од 8,4% во вкупните расходи беа остварени за 3,9% помалку.

Каматните расходи изнесуваат 1.799 милиони денари, што е намалување од 6,1% во споредба со истиот период на 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 10,8%, додека каматите од странско задолжување беа намалени за 0,1% во споредба со истиот период во 2015 година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 5.261 милион денари со структурно учество од 7,0% во вкупните расходи.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2016 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 6.317 милиони денари, што претставува 1,1% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 5.570 милиони денари што претставува 0,9% од БДП.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ




Во периодот јануари - мај 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 76.277 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е поголем за 3,8% во однос на истиот период 2015 година.

Од вкупниот број нововработени, 48,5% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на

определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во мај 2016 година 21,8% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 204.244, од кои 108.459 се активни баратели на работа, а 95.785 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 7,7%.

Најголем дел од невработените лица (67,9%) се градско население, а според половата структура, 59,6% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,8% се со завршено средно образование, додека 14,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.



Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во април 2016 година оствари годишен раст од 2,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,4%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (30,7%), Градежништво (12,7%) и Стручни, научни и технички дејности (12,1%). Реалните плати во април забележаа годишен раст од 3,5%.



Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС



Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)

Просечната номинална бруто-плата во април 2016 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (29,1%), Градежништво (12,9%), и Административни и помошни услужни дејности (11,7%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 3,4%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во април 2016 година изнесува 1,3% и во однос на истиот месец претходната година е понизок за 0,2 п.п., а е непроменет во однос на март 2016 година.

### Пензии

Во мај 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 300.145 пензионери, што претставува зголемување од 1,4% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 1.854 лица. Од вкупниот број пензионери, 61,1% се корисници на старосна пензија, 25,3% на семејна пензија и 13,5% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во мај 2016 година изнесува 13.108 денари и е за 5,3% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,4%.

Просечната старосна пензија во мај изнесува 14.476 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.836 денари, а просечната семејна пензија 10.456 денари. За исплата на пензиите во мај 2016 година се потрошени 3.837,84 милиони денари, што претставува 52,7% од вкупните социјални трансфери.




## МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во мај 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја зголеми основната каматна стапка за 0,75 п.п., од 3,25% на 4,0%, а затегнувањето на монетарната политика се должи на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на

економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во мај 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 2% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 6%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа намалување од 1,9%.




На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 0,9%, при пад на готовите пари во оптек од 4,3% и зголемување на вкупните ликвидни средства на банките од 2,9%.

## Депозитен потенцијал

Во мај 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија регистрираа раст од 2,7%, а депозитите на домаќинствата забележаа пад од 2%.




Од аспект на валутата, во мај 2016 година депозитите во домашна валута се намалија за 0,8%, додека депозитите во странска валута останаа непроменети споредено со претходниот месец.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2016 година оствари раст од 3,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута забележаа раст од 1,9% и 6,4%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат пад од 0,4% на годишно ниво, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 12,9%.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,5%, а долгорочните депозити за 2,8%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база, кое изнесува 57,8%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( мај 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **296794** | **-0,5%** | **3,7%** |
| Денари | *171634* | -0,8% | 1,9% |
| Странска валута | *125160* | -0,03% | 6,4% |
| Краткорочни | *145945* | -0,7% | 0,5% |
| Долгорочни | *80930* | -0,9% | 2,8% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **279646** | **-0,1%** | **6,4%** |
| Денари | *225215* | *-0,2%* | 9,2% |
| Странска валута | *54431* | -0,01% | -3,8% |
| Краткорочни | *61481* | -0,5% | 0,01% |
| Долгорочни | *187367* | 1% | 11,2% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *28100* | -6,4% | -6,6% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во мај 2016 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,1% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во мај кредитите кон претпријатијата се намалија за 1,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 1,1%. Од аспект на валутата, во мај 2016 година денарските кредити регистрираа пад од 0,2% на месечно ниво, а девизните кредити останаа речиси непроменети (намалување за 0,03%).

На годишна основа, во мај 2016 година вкупните кредити се зголемија за 6,4%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 2% и на кредитите кон домаќинствата од 12,2%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 9,2%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 3,8%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,2%, а краткорочните кредити останаа речиси непроменети ( намалување од 0,01%).

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2016 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,4% и е непроменета на месечно ниво. Каматните стапки на денарските кредити се намалени за 0,1 п.п. и изнесуваат 6,6%, додека каматните стапки на



девизните кредити на месечно ниво останаа непроменети и изнесуваат 5,5%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во мај изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се непроменети во споредба со минатиот месец и изнесуваат 2,5% и 1,1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во мај 2016 година регистрираше раст од 33,5% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакции за скоро 4 пати (395,2%), додека прометот од класичното тргување се намали за 13,6%.

Вкупниот промет на берзата во мај 2016 година изнесуваше 285 милиони денари што претставува зголемување за 1,4 пати (136,2%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во мај 2016 година изнесуваше 1.710,98 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 2%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 3,6%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на мај 2016 година изнесуваа 2.164,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 29,5 милиони евра, додека во однос на мај 2015 година се намалени за 164,1 милион евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk